Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 27.01.2021

На 27.01.2021 во 00.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Шуто Оризари го лишиле од слобода А.С.(42) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.01.2021 во 22.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар ја лишиле од слобода И.М.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај неа била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.01.2021, при претрес извршен со судска наредба во домот на З.Б.(39) од Кичево, полициски службеници пронајдоа и одзедоа метадон, предмети со остатоци од хероин и парични средства во различни апоени. Предметите се одземени и предадени на вештачење, а З.Б. е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2021 околу 21.35 часот на ул.„Илинденска“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ја привеле Л.М.(18) од Косово, поради тоа што илегално влегла и непријавено престојувала во државата. Таа била депортирана во матичната земја.

На 29.01.2021 во 17.05 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Ц.Ц.(50) од Скопје пријавила дека во с.Горно Соње била касната од куче скитник.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца“, ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Т.К.(33), Н.Л.(41) како и против правно лице, сите од Кичево. При извршена контрола на 22.10.2020 година во Кичево, полициските службеници го затекнале Т.К. при вршење јавен превоз на патници со патнички автомобил „фолксваген голф“, сопственост на правното лице. Притоа констатирале дека тој не поседува извод од лиценца за вршење на општински превоз на патници, што е обврска на правниот субјект преку Н.Л. како одговорно лице.

На 26.01.2021 во 14.40 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Т.(41) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански“ нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 26.01.2021 во периодот од 09.00 до 15.00 часот полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип спроведоа акциска контрола за откривање на прекршоци на возачи кои управуваат возила со кои се врши јавен превоз на патници. Притоа, било констатирано дека три возила биле технички неисправни, еден возач не извршил технички преглед, како и 35 останати прекршоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.В.(30) од Сарај, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ и против О.Р.(31) од с.Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори“. На 24.06.2020 во Гостивар, полициски службеници запреле патничко возило „бмв“, сопственост на Е.В., а при преглед на возилото бил пронајден пиштол „застава М57“ калибар 7,62х25 мм со рамка и осум куршуми и ќеса со остатоци од кокаин. Истовремено, извршен бил и преглед во патничко возило „мазда“, во кое се превезувал О.Р., при што бил пронајден и одземен кокаин.

На 27.01.2021 околу 04.00 часот на улица „151“ во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода З.А.(55) од Гостивар, кој половина час претходно во казино на ул.„Борче Јовановски“ во Гостивар со остар предмет го нападнал С.А.(33) од гостиварско Дебреше. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 26.01.2021 околу 23.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Гостивар од слобода ја лишиле С.Р.(30) од Скопје, затоа што на ул.„Мара Угринова“, додека се превезувала во возило со И.Н.(45) од Гостивар, му одзела паричник со пари. Таа била задржана во Полициската станица Гостивар, а парите му биле вратени на С.Н.. Се расчистува случајот и против С.Р. ќе следува поднесок.

На 26.01.2021 во 01.00 часот во СВР Скопје, Б.С.(26) од Скопје пријавил дека на 25.01.2021 околу 23.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил физички нападнат од Г.Р. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.01.2021 во 10.30 часот во СВР Скопје, Р.Т.(79) од Скопје пријавил дека на 23.01.2021 околу 15.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од Т.Р. и С.Р.. Сочинети записници за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 26.01.2021 во 00.30 часот во СВР Скопје, М.А.(33) од Скопје пријавила дека на 25.01.2021 околу 20.00 часот на подрачјето на Гази Баба нејзиниот син бил физички нападнат од Ј.А. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.01.2021 во 17.42 часот во СВР Скопје, А.В.(19) од Скопје пријавил дека во парк на ул.„23 Октомври“ едно лице со закана му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2021 во 23.27 часот во СВР Скопје, Ж.Ц.(37) од Скопје, вработен како доставувач на производи, пријавил дека на местото викано „Теферич“ неколку лица физички го нападнале и му одзеле производи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2021 во 19.20 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.Ј.(25) од Гевгелија пријавил дека на бул.„Јане Сандански“ бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда“. На 31.12.2020 во Македонска Каменица, пријавените физички го нападнале В.Ѓ. и му нанеле тешки телесни повреди.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Н.Г.(18) од с.Вруток, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори“. На 29.02.2020 во Гостивар, полициски службеници го забележале пријавениот како фрла ќеса со марихуана и се обидел да избега. Тој бил спречен и лишен од слобода, а дрогата била пронајдена и одземена.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Ф.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари“. На 26.11.2020 во казино во Скопје, М.Ф. пуштила во оптек две фалсификувани банкноти во апоени од 500 евра, со намера да ги размени за денари.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет